ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-930
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО –ОБЛЕШЕВО
Бр. 22-107/10 од 11.02.2025г.
Облешево

Врз основа на член 28 став 4 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање („ Службен весник на Република Северна Македонија „ бр. 32/2020, 111/2023,171/2024 и 224/2024), Градоначалникот на Општина Чешиново- Облешево го дава следното

С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета по Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Облешево со разработка на Блок 16 и Блок 25, КО Облешево, Општина Чешиново-Облешево Плански период 2024-2034 Предлог план

Се известуваат сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот , подрачјата соседни на планскиот опфат , широката јавност , претставници на стручната јавност, претставници на државната управа, претставници на единиците на локалната самоуправа, стручни лица од невладините организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот опфат, (учесници) , дека се организира повторна јавна презентација и јавната анкета по

Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Облешево со разработка на Блок 16 и Блок 25, КО Облешево, Општина Чешиново-Облешево Плански период 2024-2034 Предлог план
со тех. бр. 16/2024 од февруари 2025, изработен од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДООЕЛ Скопје.

Повторената Јавна анкета ќе се спроведе во периодот **од 27.02.2025г. до 12.03.2025г**., во кој рок може да се доставуваат забелешки и предлози од учесниците на јавната анкета и презентација, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам и по електронски пат до веб страната на општината web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk , e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk , и во писмена форма со доставување на анкетни листови преку архивата секој работен ден од 9-14 часот, кои можат да се добијат од архивата или од веб страната на општината .

Повторената Јавна презентација е стручно презентирање на планот ,и ќе се одржи на ден **04.03.2025г**. , со почеток во **11^{00}** часот , во просториите на Општина Чешиново – Облешево, сала на советот.

Графичкиот прилог на предлог планот ќе биде изложен во просториите на општинската зграда во с. Облешево и на веб страната на општината.

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-930
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

Опфатот на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Облешево со разработка на Блок 16 и Блок 25, КО Облешево, општина Чешиново-Облешево е сместен во југозападниот дел на селото и ги зафаќа Блок 16 и Блок 25 дефинирани со постојниот Урбанистички план за село Облешево, општина Чешиново-Облешево (2017-2027).

Границите на опфатот се совпаѓа со границите на Блок 16 и Блок 25 дефинирани во постоечкиот Урбанистички план за село Облешево, општина Чешиново-Облешево:
- на **северозапад** границата се протега по осовина на магистралната улица “Маршал Тито” (планирана според Урбанистички план за село Облешево, општина Чешиново- Облешево донесен со Одлука бр. 08-2211/1 од 25.11.2019 год.);
- на **југозапад** границата се движи по осовина на станбената улица “Јоаким Крчовски” (планирана според Урбанистички план за село Облешево, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-2211/1 од 25.11.2019 год.);
- на **југоисток** границата ја сече КП 5779, односно ја следи границата на УПС Облешево;
- на **североисток** границата се протега по осовина на станбената ул. “1-ви Мај” (планирана
според Урбанистички план за село Облешево, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-2211/1 од 25.11.2019 год.);

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **5,11** ха.

Изработил,
Марија Салтирова Јовановска

Marija Saltirova Jovanovska
Digitally signed by Marija Saltirova Jovanovska
Date: 2025.02.11 09:47:03 +01'00'

Градоначалник,
Далибор Ангелов

Dalibor Angelov
Digitalno potpisao: Dalibor Angelov
Datum: 2025.02.11 10:23:15 +01'00'

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-930
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

Мапа на планскиот опфат



